# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РЕСЕН


**Службен гласник на Општина Ресен**
**-излегува по потреба**

**30.09.2020 година**
**бр. 10 година 55**
**Ресен**

**Уредува**
**Стручна служба**
**Тел. 047/551- 903**


# АКТИ НА ОПШТИНА РЕСЕН

**1.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015 и 11/2015) донесувам

З А К Л У Ч О К

За објавување на Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Ресен за 2020 година

Се објавува Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Ресен за 2020 година , што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 29.09.2020 година.

Бр.09-1725 /1
30.09.2020 година
Р е с е н

Градоначалник
Живко Гошаревски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 33 и 34 од Законот за Буџетите (Сл.весник на РМ бр.64/2005,04/2008,103/2008,156/2009,95/2010,180/2011,171/2012,192/2015 и167/2016), Советот на Општина Ресен на 54-та седница, оддржана на ден 29.09. 2020 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

За проширување на средствата на Буџетот на Општина **РЕСЕН** за **2020** година

**Член 1**

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на Општина РЕСЕН за 2020 година, на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| **Се зголемуваат приходите на следните потаставки :** | | | | | |
| 742111 | Приходи од обединетите нации | 0 | 0 | 189.000 | 0 |
| 742119 | Други општи и тековни донации | 0 | 0 | 1.132.720 | 0 |
| | | **0** | **0** | **1.321.720** | **0** |
| **и се распредуваат на следните расходни потаставки :** | | | | | |
| **Г10** | **ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ** | | | | |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 0 | 189.000 | 0 |
| **Р10** | **ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА** | | | | |
| 420110 | Патување во земјата - хранарина (дневница) | 0 | 0 | 30.847 | 0 |
| 421410 | Горива и масла (моторни возила) | 0 | 0 | 61.695 | 0 |
| 423110 | Канцелариски материјали | 0 | 0 | 18.000 | 0 |
| 423310 | Униформи | 0 | 0 | 89.458 | 0 |
| 423320 | Обувки | 0 | 0 | 89.458 | 0 |
| 424110 | Поправки и сервисирање на лесни возила (вклучува•• резервни делови, гуми) | 0 | 0 | 92.542 | 0 |
| 425920 | Услуги за копирање, печатење и издавање | 0 | 0 | 61.695 | 0 |
| 425970 | Консултантски услуги | 0 | 0 | 61.695 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 0 | 182.617 | 0 |
| 426210 | Расходи за репрезентација | 0 | 0 | 61.695 | 0 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 0 | 0 | 43.187 | 0 |
| 427110 | Привремени вработувања | 0 | 0 | 172.746 | 0 |
| **РА0** | **ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)** | | | | |
| 480140 | Купување на информатичка и видео опрема | 0 | 0 | 167.085 | 0 |
| | | **0** | **0** | **1.321.720** | **0** |

Член 2

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Ресен и станува составен дел на Буџетот на Општината за 2020 година.

Претседател на Советот на Општината

Никола Станковски с.р

Бр.08-1668/4
29.09.2020год
Ресен

**2.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015 и 11/2015) донесувам

З А К Л У Ч О К

За објавување на Буџетски календар на Општина Ресен за подготовка на Буџетот на Општина Ресен за 2021 година

Се објавува Буџетски календар на Општина Ресен за подготовка на Буџетот на Општина Ресен за 2021 година , што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 29.09.2020 година.

Бр.09-1725 /2
30.09.2020 година
Р е с е н

Градоначалник
Живко Гошаревски с.р.

Врз основа на член 22, 27 и 28 од Законот за финансирање на Единиците на локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15), член 21-б од Законот за Буџетите („Службен весник на РМ“ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16) и член 23 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр. 7/10, 13/13, 8/15 и 11/15), Советот на Општина Ресен на седницата одржана на ден 29.09.2020 година донесе

## Б У Џ Е Т С К И К А Л Е Н Д А Р НА ОПШТИНА РЕСЕН ЗА ПОДГОТОВКА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА РЕСЕН ЗА 2021 ГОДИНА

**Член 1**

Буџетскиот календар на Општина Ресен за 2021 година ги утврдува роковите и носителите на активностите за подготовка на Буџетот за 2021 година.

**Член 2**

Роковите и носителите на активностите за подготовка на Буџетот за 2021 година се утврдени со следната табела:

| ДАТУМ / РОК | БУЏЕТСКИ АКТИВНОСТИ - ОДГОВОРНОСТ |
|---|---|
| Мај 2019<br><br><br>Декември 2019 | Министерот за финансии доставува до Владата на РСМ Фискална стратегија на РСМ за наредните три години (2020-2022)<br>Ревидирана Фискална стратегија (2020-2022) |
| Септември 2020 | Советот на општината го донесува буџетскиот календар |
| Најдоцна до 30-ти Септември 2020 | Министерот за финансии го доставува до општините Буџетскиот циркулар со насоки за подготвување на Предлог- Буџетот за 2021 година.<br>Со Буџетскиот циркулар општините се известуваат и за висината на дотациите за општината што ќе се трансферираат од Буџетот на РСМ, буџетите на фондовите и од други извори. |
| Најдоцна до 1-ви Октомври 2020 | Градоначалникот на општината ги подготвува главните насоки за изготвување на финансиските планови и програми и ги доставува до општинските буџетски корисници и до Секторите одговорни за изготвување на програмите од нивна надлежност |
| Најдоцна до 5-ти Октомври 2020 | Градоначалникот и Секторот за финансиски прашања се состануваат за да ги одредат приоритетите и одредбите на Буџетот за наредната година |
| Најдоцна до 15-ти Октомври 2020 | Секторите при Општина Ресен ги доставуваат Предлог-Програмите од нивна надлежност до Градоначалникот со образложение за висината на износите по позиции |
| Најдоцна до 20-ти Октомври 2020 | Градоначалникот на општината подготвува Предлог-План на програми за развој усогласен со насоките од Циркуларот и истиот го доставува на одобрување до Советот на општината. |
| Најдоцна до 31-ви Октомври 2020 | Општинските буџетски корисници ги доставуваат своите предлог-финансиски планови до Градоначалникот со образложение за висината на износите по позиции. |
| Октомври-Ноември 2020 | Секторот за финансиски прашања врши анализирање по доставените предлог-финансиски планови, ги одредува приоритетите и одредбите за новиот Предлог-Буџет и го запознава Градоначалникот со истите. |
| Најдоцна до 15-ти Ноември 2020 | Советот на општината го одобрува Предлог-Планот на програмите за развој.<br>Одобрениот План на програмите за развој е составен дел на Предлог-Буџетот на општината за 2021 година. |
| Ноември-Декември 2020 | Секторот за финансиски прашања го подготвува Предлог-Буџетот за 2021 година и го доставува до Градоначалникот. |
| Ноември-Декември 2020 | Градоначалникот на општината го доставува Предлог-Буџетот на општината за 2021 година и Одлуката за извршување на Буџетот до Советот на општината. |

| | |
|---|---|
| Најдоцна до 31.12.2020 | Советот на општината го донесува Буџетот за 2021 година и Одлуката за извршување на Буџето. |

**Член 3**

Буџетскиот календар на Општина Ресен за 2021 година ќе се применува со денот на објавување во „Службен гласник на општината Ресен“.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр. 08-1668/5
29.09.2020 година

Претседател
Никола Станковски с.р.

**3.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015 и 11/2015) донесувам

З А К Л У Ч О К

За објавување на Заклучокот по Годишната програма за работа на СОУ ,Цар Самоил“ Ресен во учебната 2020/2021 година, заведена под арх.бр.01-258/1 од 27.08.2020 година

Се објавува Заклучокот по Годишната програма за работа на СОУ ,Цар Самоил“ Ресен во учебната 2020/2021 година, заведена под арх.бр.01-258/1 од 27.08.2020 година, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 29.09.2020 година.

Бр.09-1725 /3
30.09.2020 година
Р е с е н

Градоначалник
Живко Гошаревски с.р.

Врз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 08/2015 и 11/2015) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 29.09.2020 година, откако ја разгледа Годишната програма за работа на СОУ ,Цар Самоил" Ресен во учебната 2020/2021 година, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

Се усвојува Годишната програма за работа на СОУ ,Цар Самоил" Ресен во учебната 2020/2021 година, заведена под арх.бр.01-258/1 од 27.08.2020 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-1668/6 — Претседател
29.09.2020 година — Никола Станковски с.р.
Ресен

**4.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015 и 11/2015) донесувам

З А К Л У Ч О К

За објавување на Заклучокот по Годишниот извештај за работата на СОУ ,Цар Самоил" Ресен во учебната 2019/2020 година, заведен под арх.бр.01-259/1 од 27.08.2020 година .

Се објавува Заклучокот по Годишниот извештај за работата на СОУ ,Цар Самоил" Ресен во учебната 2019/2020 година, заведен под арх.бр.01-259/1 од 27.08.2020 година, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 29.09.2020 година.

Бр.09- 1725/4 — Градоначалник
30.09.2020 година — Живко Гошаревски с.р.
Р е с е н

Врз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 08/2015 и 11/2015) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 29.09.2020 година, откако ја разгледа Годишниот извештај за работата на СОУ ,Цар Самоил" Ресен во учебната 2019/2020 година, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Годишниот извештај за работата на СОУ ,Цар Самоил" Ресен во учебната 2019/2020 година, заведен под арх.бр.01-259/1 од 27.08.2020 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-1668/7 Претседател
29.09.2020 година Никола Станковски с.р.
Ресен

**5.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015 и 11/2015) донесувам

З А К Л У Ч О К

За објавување на Заклучокот по Годишната програма за работа на ЈОУДГ,, 11-ти Септември" Ресен, за 2020/2021година заведена под арх.бр.01-143 од 11.09.2020 година

Се објавува Заклучокот по Годишната програма за работа на ЈОУДГ,, 11-ти Септември" Ресен, за 2020/2021година заведена под арх.бр.01-143 од 11.09.2020 година , што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 29.09.2020 година.

Бр.09- 1725/5 Градоначалник
30.09.2020 година Живко Гошаревски с.р.
Р е с е н

Врз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 08/2015 и 11/2015) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 26.08.2020 година, откако ја разгледа Годишната програма за работа на ЈОУДГ,, 11-тиСептември“ Ресен, во учебната 2020/2021 година, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

Се усвојува Годишна програма за работа на ЈОУДГ,, 11-ти Септември“ Ресен, за 2020/2021година заведена под арх.бр.01-143 од 11.09.2020 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-1668/8 — Претседател
29.09.2020 година — Никола Станковски с.р.
Ресен

**6.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015 и 11/2015) донесувам

З А К Л У Ч О К

За објавување на Заклучокот по Годишниот извештај за работата на ЈОУДГ,, 11-ти Септември“ Ресен, за 2019/2020 година, заведен под арх.бр.01-142 од 11.09.2020 година

Се објавува Заклучокот по Годишниот извештај за работата на ЈОУДГ,, 11-ти Септември“ Ресен, за 2019/2020 година, заведен под арх.бр.01-142 од 11.09.2020 година , што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 29.09.2020 година.

Бр.09-1725 /6 — Градоначалник
30.09.2020 година — Живко Гошаревски с.р.
Р е с е н

Врз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 08/2015 и 11/2015) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 26.08.2020 година, откако ја разгледа Годишниот извештај за работата на ЈОУДГ,, 11-тиСептември" Ресен, за 2019/2020 година, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Годишниот извештај за работата на ЈОУДГ,, 11-ти Септември" Ресен, за 2019/2020 година, заведен под арх.бр.01-142 од 11.09.2020 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-1668/9 | Претседател
29.09.2020 година | Никола Станковски с.р.
Ресен

**7.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015 и 11/2015) донесувам

З А К Л У Ч О К

За објавување на Одлуката за утврдување на работното време на Јавната општинска установа за деца- Детска градинка " 11 ти Септември" Ресен

Се објавува Одлуката за утврдување на работното време на Јавната општинска установа за деца- Детска градинка " 11 ти Септември" Ресен , што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 29.09.2020 година.

Бр.09-1725 /7 | Градоначалник
30.09.2020 година | Живко Гошаревски с.р.
Р е с е н

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 23 став 1 точка 47 од Статутот на Општина Ресен (“Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/2010,13/2013, 8/2015 и 11/2015), а во врска со член 67 став 6 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16 и 163/1721/18,198/28, 104/19 и 140/19), Советот на Општина Ресен на седница одржана на 29.09.2020 година донесе

О Д Л У К А

за утврдување на работното време на Јавната општинска установа за деца- Детска градинка “ 11 ти Септември“ Ресен

Член 1

Со оваа одлука се утврдува почетокот и завршетокот на работното време на Јавната општинска установа за деца- Детска градинка “ 11 ти Септември“ Ресен.

Член 2

Работното време на детската градинка започнува од 06,00 часот и завршува во 20,00 часот.

Член 3

Се задолжува Јавна општинска установа за деца- Детска градинка “ 11 ти Септември“ Ресен, да го почитува утврденото работно време.

Член 4

Со донесување на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за почеток и завршеток на работно време во Јавната општинска установа за деца- Детска градинка “ 11 ти Септември“ Ресен со бр.08-201/7 од 31.01.2018 година објавено во „Службен Гласник на Општина Ресен“ бр.1/18.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ресен“.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр. 08- 1668 / 10<br>29.09.2020 година<br>Ресен

Претседател<br>Никола Станковски с.р.

**8.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015 и 11/2015) донесувам

З А К Л У Ч О К

За објавување на Одлуката за давање согласност за поголем или помал број на деца во воспитните групи во ЈОУДГ„11-ти Септември" – Ресен

Се објавува Одлуката за давање согласност за поголем или помал број на деца во воспитните групи во ЈОУДГ„11-ти Септември" – Ресен , што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 29.09.2020 година.

Бр.09-1725 /8 Градоначалник
30.09.2020 година Живко Гошаревски с.р.
Р е с е н

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), член 23 став 1 точка 47 од Статутот на Општина Ресен ("Службен гласник на Општина Ресен" бр. 7/2010, 13/2013, 8/2015 и 11/2015) и член 64 став 5 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18, 104/19 и 140/19) Советот на општина Ресен на ден 29 09.2020 година, донесе:

О Д Л У К А
за давање согласност за поголем или помал број на деца во воспитните групи во ЈОУДГ„11-ти Септември" – Ресен

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност во воспитните групи во ЈОУДГ„11-ти Септември" - Ресен за воспитно образовната 2020/2021 години да може да има поголем број на деца, односно помал број на деца од бројот на деца утврдени со закон.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен Гласник на Општина" Ресен.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-1668/11 Претседател
29.09.2020 година Никола Станковски с.р.
Ресен

**9.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015 и 11/2015) донесувам

З А К Л У Ч О К

За објавување на Заклучокот по Планот за вработување за 2021 година на ОУ „Славејко Арсов" с. Подмочани , под бр. 01-179/1 од 24.07.2020 година.

Се објавува заклучокот по Планот за вработување за 2021 година на ОУ „Славејко Арсов" с. Подмочани , под бр. 01-179/1 од 24.07.2020 година, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 29.09.2020 година.

Бр.09- 1725/9 Градоначалник
30.09.2020 година Живко Гошаревски с.р.
Р е с е н

Врз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 08/2015 и 11/2015) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 29.09.2020 година, откако го разгледа Планот за вработување за 2021 година на ОУ„ Славејко Арсвов" с. Подмочани , го донесе следниот :

З А К Л У Ч О К

Се усвојува Планот за вработување за 2021 година на ОУ „Славејко Арсов" с. Подмочани , под бр. 01-179/1 од 24.07.2020 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-1668/12 Претседател
29.09.2020 година Никола Станковски с.р.
Ресен

**10.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015 и 11/2015) донесувам

З А К Л У Ч О К

За објавување на Заклучокот по Планот за вработување за 2021 година на Општина Ресен, под бр. 20-1520/1 од 31.08.2020 година.

Се објавува заклучокот по Планот за вработување за 2021 година на Општина Ресен, под бр. 20-1520/1 од 31.08.2020 година, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 29.09.2020 година.

Бр.09- 1725/10 Градоначалник
30.09.2020 година Живко Гошаревски с.р.
Р е с е н

Врз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 08/2015 и 11/2015) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 29.09.2020 година, откако го разгледа Планот за вработување за 2021 година на Општина Ресен, го донесе следниот :

З А К Л У Ч О К

Се усвојува Планот за вработување за 2021 година на Општина Ресен, под бр. 20-1520/1 од 31.08.2020 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-1668/13 Претседател
29.09.2020 година Никола Станковски с.р.
Ресен

**11.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015 и 11/2015) донесувам

З А К Л У Ч О К

За објавување на Одлуката за давање согласност на Статутот на ОУ„ Славејко Арсов "с. Подмочани

Се објавува Одлуката за давање согласност на Статутот на ОУ„ Славејко Арсов "с. Подмочани , што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 29.09.2020 година.

Бр.09-1725 /11 Градоначалник
30.09.2020 година Живко Гошаревски с.р.
Р е с е н

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), член 23 став 1 точка 47 од Статутот на Општина Ресен ("Службен гласник на Општина Ресен" бр. 7/2010, 13/2013, 8/2015 и 11/2015) и 26 ст.4 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија" број 161/19, Советот на општина Ресен на ден 29. 09.2020 година, донесе:

О Д Л У К А
за давање согласност на Статутот на ОУ„ Славејко Арсов "с. Подмочани

Член 1
Со оваа Одлука се дава согласност Статутот на ОУ „Славејко Арсов" с. Подмочани под бр. 01-359/1 од 10.12.2019 година.

Член 2
Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен Гласник на Општина" Ресен.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-1668/14 Претседател
29. 09.2020 година Никола Станковски с.р.
Ресен

**12.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015 и 11/2015) донесувам

З А К Л У Ч О К

За објавување на Одлуката за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Ресен и Општина Охрид

Се објавува Одлуката за за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Ресен и Општина Охрид, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 29.09.2020 година.

Бр.09- 1725/12 Градоначалник
30.09.2020 година Живко Гошаревски с.р.
Р е с е н

Врз основа на член 6 став 1 и 3 од Законот за меѓуопштинска соработка(„Службен весник на РМ", бр. 79/09), член 14 и 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ", бр. 05/02) и член 14 од Статутот на Општина Ресен (,, Службен гласник на Општина Ресен бр.7/2010, 13/2013, 8/2015 и 11/2015) Советот на Општина Ресен на седница одржана на 29.09..2020 година, донесе:

О Д Л У К А
за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка
помеѓу Општина Ресен и Општина Охрид

Член 1

СЕ УТВРДУВА Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Ресен и Општина Охрид поднесен од Градоначалникот на Општина Ресен под број 09-1654/2 од 18.09.020 година, за вршење на определени работи од надлежност на градежниот инспектор,од страна на Општина Охрид во корист и за сметка на Општина Ресен.

Член 2

Утврдениот предлог од член 1 на оваа Одлука и процената за потребата од воспоставување на меѓуопштинската соработка, се доставува до општината Охрид, заради усвојување.

Член 3

Ова одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Ресен .

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08 - 1668 /15 Претседател
29. 09. 2020 година Никола Станковски с.р.
Р е с е н

**13.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015 и 11/2015) донесувам

З А К Л У Ч О К

За објавување на Програмата Ф – Урбано планирање Ф10 – Урбанистичко планирање Измена и дополна на програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Ресен во 2020 година

Се објавува Програмата Ф – Урбано планирање Ф10 – Урбанистичко планирање Измена и дополна на програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Ресен во 2020 година , што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 29.09.2020 година.

Бр.09-1725 /13 Градоначалник
30.09.2020 година Живко Гошаревски с.р.
Р е с е н

Врз основа на чл. 16 став 1и 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник Р.М. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18, 168/18 и 32/2020) и член 23 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен'' бр. 7/2010, 13/2013, 8/2015 и 11/2015) Советот на Општина Ресен на седница одржана на 29.09. 2020 год. донесе:

П Р О Г Р А М А

Ф – Урбано планирање
Ф10 – Урбанистичко планирање

Измена и дополна на програмата за изработка
на урбанистички планови
во Општина Ресен во 2020 година

Вовед

**I.** Со оваа Програма за Измена и дополна за изработка на урбанистички планови во Општина Ресен во 2019 година се планираат активности за изработка на урбанистички планови како и нивни измени и дополнувања врз основа на анализата на постојните планови, анализата на реализацијата на плановите, застареност на плановите, нивна неусогласеност со новонастанатите општествени промени, и новите законски прописи за урбанистичко планирање.

Оттука произлегува и измената на Програматата Ф - Урбано планирање Ф10-Урбанистичко планирање Изработка на Урбанистички планови во Општина Ресен во 2020год. донесена под бр.08-2409/7 од 02.12.2019год од Советот на Општина Ресен. Така во делот на V.Планови кои ке се финансирани од физички и правни лица – урбаничка планска документација; и се додава точка 15. (петнаесет ) и гласи:

V. Планови кои ќе се финансирани од физички и правни лица

14. Изработка и отпочнување на постапка за донесување на Урбанистички проект со намена Е2- Комунална супраструктура (фотоволтаична плантажа) како основна класа на намени на КПбр.2500/1и КП.2500/2 КО Ресен вон град , со пристап од некатегоризиран пат КП 2452 КО Ресен вон град, Општина Ресен

Граници на опфат

Границите на планскиот опфат на Урбанистички проект со намена Е2-Комунална супраструктура(фотоволтаична плантажа) како основна класа на намени на КП.2500/1 и КП 2500/2 КО Ресен вон град :

- На север : граничи со катастарски парцели КП.2501и КП 2502 КО Ресен вон град
- На исток : граничи со катастарска парцела КП. 2452 КО Ресен вон град
- На југ: граничи со катастарски парцели КП.2499, КП.2498, КП2493, КП 2492 КО Ресен вон град,
- На запад: граничи со катастарски парцели КПбр.2487, КП2486 КО Ресен вон град,

Вкупна површина на плански опфат на Урбанистички проект со намена Е2-Комунална супраструктура (фотоволтаична плантажа) како основна класа на намени на КПбр.2500/1 и КП2500/2 КО Ресен вон град, Општина Ресен е со површина од 3477 м2.

Урбанистичкиот проект ќе биде финансиран од физички и правни лица .

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр. 08-1668/16 Претседател
29. 09. 2020год. Никола Станковски с.р.
Р е с е н

**14.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015 и 11/2015) донесувам

З А К Л У Ч О К

За објавување на Отпочнување на постапка за пристапување кон донесување на Урбанистички проект за со намена Е2- Комунална супраструктура (фотоволтаична плантажа) како основна класа на намени на КПбр.2500/1 и КПбр.2500/2 КО Ресен вон град, Општина Ресен

Се објавува Одлуката за Отпочнување на постапка за пристапување кон донесување на Урбанистички проект за со намена Е2- Комунална супраструктура (фотоволтаична плантажа) како основна класа на намени на КПбр.2500/1 и КПбр.2500/2 КО Ресен вон град, Општина Ресен , што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 29.09.2020 година.

Бр.09-1725 /14 Градоначалник
30.09.2020 година Живко Гошаревски с.р.
Р е с е н

Врз основа на член 23 и 59 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (,,Сл. Весник Р.М. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18, 168/18 и 32/2020) и , член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р. М. " бр.5/02), и член 16 став1,точка1 и член 23 став1 точка 6 од Статутот на Општината Ресен (Сл.гласник на Општина Ресен,, 07/10 и 13//2013 ), Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 29.09. 2020 година донесе

# О Д Л У К А

Отпочнување на постапка за пристапување кон донесување на Урбанистички проект за со намена Е2- Комунална супраструктура (фотоволтаична плантажа) како основна класа на намени на КПбр.2500/1 и КПбр.2500/2 КО Ресен вон град,
Општина Ресен

## Член 1

Се одобрува отпочнување постапка за Изработка и отпочнување на постапка за донесување на Урбанистички проект со намена Е2- Комунална супраструктура (фотоволтаична плантажа ) како основна класа на намени на КПбр.2500/1 и 2500/2 КО Ресен вон град, со пристап од некатегоризиран пат КП 2452 КО Ресен вон град Општина Ресен

Граници на опфат

Границите на планскиот опфат на Урбанистички проект со намена Е2- Комунална супраструктура(фотоволтаична плантажа) како основна класа на намени на КП.2500/1 и КП 2500/2 КО Ресен вон град :

- На север : граничи со катастарски парцели КП.2501и КП 2502 КО Ресен вон град
- На исток : граничи со катастарска парцела КП. 2452 КО Ресен вон град
- На југ: граничи со катастарски парцели КП.2499, КП.2498, КП2493, КП 2492 КО Ресен вон град,
- На запад: граничи со катастарски парцели КПбр.2487, КП2486 КО Ресен вон град,

Вкупна површина на плански опфат на Урбанистички проект со намена Е2- Комунална супраструктура (фотоволтаична плантажа) како основна класа на намени на КПбр.2500/1 и КП2500/2 КО Ресен вон град, Општина Ресен е со површина од 3477 м2.

Член 2

Финансирањето на изработка на планот ќе се врши со средства на поднесувачот на иницијативата /инвеститор/ правни и физички лица.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Ресен.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-1668/17
29.09. 2020год
Ресен

Претседател
Никола Станковски с.р.

**15.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015 и 11/2015) донесувам

З А К Л У Ч О К

За објавување на Заклучокот по Информацијата за резултатите од туристичката сезона во Општина Ресен за 2020 година

Се објавува Заклучокот по Информацијата за резултатите од туристичката сезона во Општина Ресен за 2020 година , што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 29.09.2020 година.

Бр.09- 1725/15
30.09.2020 година
Р е с е н

Градоначалник
Живко Гошаревски с.р.

Врз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 08/2015 и 11/2015) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 29.09.2020 година, откако ја разгледа Информацијата за резултатите од туристичката сезона во Општина Ресен за 2020 година, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

Се усвојува Информацијата за резултатите од туристичката сезона во Општина Ресен за 2020 година

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-1668/18
29.09.2020 година
Ресен

Претседател
Никола Станковски с.р.

**16.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015 и 11/2015) донесувам

З А К Л У Ч О К

За објавување на Одлуката за одобрување на финансиска помош
на лицето Васил Јанкула од Ресен

Се објавува Одлуката за одобрување на финансиска помош на лицето Васил Јанкула од Ресен , што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 29.09.2020 година.

Бр.09-1725 /16 — Градоначалник
30.09.2020 година — Живко Гошаревски с.р.
Р е с е н

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“, бр 5/02), член 23 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“, бр.7/2010,13/2013, 8/2015 и11/2015), Советот на Општина Ресен на седницата одржана на ден 29.09. 2020 година, донесе

О Д Л У К А

за одобрување на финансиска помош
на лицето Васил Јанкула од Ресен

Член 1

Со оваа Одлука му се одобрува финансиска помош на барателот Васил Јанкула од Ресен, ул.“ Ленинова“ 36 за оперативно лекување во странство, средства во износ од 60.000,00 денари.

Член 2

Одобрените средства во износ од 60.000,00 денари ќе се исплатат од Буџетот на Општина Ресен за 2020 година.

Член 3

Се задолжува Секторот за финансиски прашања да ја изврши оваа Одлука.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ресен“.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08 -1668/19 — Претседател на совет
29.09.2020 год. — Никола Станковски с.р.
Ресен

**17.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015 и 11/2015) донесувам

З А К Л У Ч О К

За објавување на Одлуката

за прифаќање на иницијативата на Методија Јоновски

Се објавува Одлуката за прифаќање на иницијативата на Методија Јоновски што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 29.09.2020 година.

Бр.09-1725 /17 Градоначалник
30.09.2020 година Живко Гошаревски с.р.
Р е с е н

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), член 23 став 1 точка 47 од Статутот на Општина Ресен ("Службен гласник на Општина Ресен" бр. 7/2010, 13/2013, 8/2015 и 11/2015) разгледувајки ја иницијативата на Методија Јоновски од с. Претор , Советот на општина Ресен на ден 29. 09.2020 година, донесе:

О Д Л У К А
за прифаќање на иницијативата на Методија Јоновски

Член 1

Со оваа Одлука се прифаќа иницијативата на Методија Јоновски за посмртно доделување на признание на Кирил Јоновски од с. Претор , за особени заслуги во развој и афирмација на Преспа., потоа улица во туристичката наслелба Претор да го носи неговото име и да се разгледа можноста една просторија во Дом на култура „Драги Тозија" Ресен да се намени за спомен соба на Кирил Јоновски , со оставнина од ликовни дела, книги, фотографии документарен флмски материјал за повеќе децениски живот во Преспа, камери фотоапарати, тусистички проспекти, плакати , разгледници и слично.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен Гласник на Општина“ Ресен.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-1668/20 Претседател
29. 09.2020 година Никола Станковски с.р.
Ресен

**18.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015 и 11/2015) донесувам

З А К Л У Ч О К

За објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на месечниот надоместок за згрижените деца во ЈОУДГ „ 11-ти Септември“ Ресен за месеците јуни,јули и август 2020 година

Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на месечниот надоместок за згрижените деца во ЈОУДГ „ 11-ти Септември“ Ресен за месеците јуни,јули и август 2020 година , што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 29.09.2020 година.

Бр.09-1725 /18 Градоначалник
30.09.2020 година Живко Гошаревски с.р.
Р е с е н

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 и член 23 став 1 точка 47 од Статутот на Општина Ресен (“Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015 и 11/2015) и член 116 став 1 алинеа 11 од Законот за заштита на децата (,,Службен Весник на РМ'' бр.23/2013, 12/2014, 44/2014, 44/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015, 27/2016, 163/2017, 21/2018,198/2018 и 104/2019) ,Советот на Општина Ресен на седница, одржана на 29.09. 2020 година донесе

**О Д Л У К А**

за давање согласност на Одлуката за утврдување на месечниот надоместок за згрижените деца во ЈОУДГ „ 11-ти Септември" Ресен за месеците јуни,јули и август 2020 година

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Одлуката за утврдување на месечниот надоместок за згрижените деца ЈОУДГ „ 11-ти Септември" Ресен донесена од Управниот одбор на Јавна Општинската установа за деца – детска градинка „11-ти Септември" Ресен под бр. 03-153 од 24.09.2020 година.

Член 2

Оваа одлука стапува во сила со денот на објавување во "Службен Гласник на Општина Ресен".

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр. 08- 1668/21 Претседател

29.09.2020 година Никола Станковски с.р.

Ресен

## С О Д Р Ж И Н А:

1. Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Ресен за 2020 год.........................................................................................................стр. 4

2. Буџетски календар на Општина Ресен за подготовка на Буџетот на Општина Ресен за 2021 година..........................................................................стр. 5

3. Заклучок по Годишната програма за работа на СОУ ,,Цар Самоил''-Ресен во учебната 2020/2021 година...................................................................стр. 8

4. Заклучок по Годишниот извештај за работата на СОУ ,,Цар Самоил''-Ресен во учебната 2019/2020 година...................................................................стр. 9

5. Заклучок по Годишната програма за работа на ЈОУДГ,, 11-тиСептември" Ресен, за 2020/2021година...................................................................стр. 10

6. Заклучок по Годишниот извештај за работата на ЈОУДГ,, 11-тиСептември" Ресен, за 2019/2020година...................................................................стр. 11

7. Одлука за утврдување на работното време на Јавната општинска установа за деца- Детска градинка " 11 ти Септември" Ресен.................................стр. 12

8. Одлука за давање согласност за поголем или помал број на деца во воспитните групи во ЈОУДГ„11-ти Септември" – Ресен..............................стр. 13

9. Заклучок по Годишниот план за вработување на ОУ ,,Славејко Арсов''-с.Подмочани ,за 2021 година...................................................................стр. 14

10. Заклучок по Годишниот план за вработување на Општина Ресен за 2021 година...........................................................................................................стр. 15

11.Одлука за давање согласност на Статутот на ОУ ,,Славејко Арсов"-с.Подмочани...................................................................................................стр. 16

12. Одлука за утврдување за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Ресен и Општина Охрид ...........стр. 17

13. Програма Ф – Урбано планирање Ф10 - Урбанистичко планирање Измена и дополна на програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Ресен во 2020 година...........................................................................................стр. 19

14. Одлука Отпочнување на постапка за пристапување кон донесување на Урбанистички проект за со намена Е2- Комунална супраструктура (фотоволтаична плантажа) како основна класа на намени на КПбр.2500/1 и КПбр.2500/2 КО Ресен вон град, Општина Ресен..........................................................................стр. 20

15. Заклучок по Информацијата за резултатите од туристичката сезона во Општина Ресен за 2020 година..........................................................................стр. 21

16. Одлука за доделување на финансиска помош на лицето Васил Јанкула од Ресен..........................................................................................................стр. 22

17. Одлука за одобрување на Иницијативата на Методија Јоновски.............стр.23

18. Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на месечниот надоместок за згрижените деца во ЈОУДГ „ 11-ти Септември" Ресен за месеците јуни,јули и август 2020 година.................................................стр.25